## ДНЕВНО ПЛАНИРАЊЕ

**Час:** 3
**Датум:**
**Наставен предмет:** Работа со компјутери и основи на програмирањето
**Програмско подрачје:** Тема 7 - онлајн живеење
**Наставна содржина:** Интернет сервиси
**Тип на час:** Обработка
**Цели:** Да препознава различни видови Интернет сервиси (услуги)
**Очекувани резултати:** Набројува различни видови Интернет сервиси (услуги) и ја објаснува нивната намена
**Место на реализација:** Училница
**Форми на работа:** Заедничка, индивидуална работа
**Наставни методи и техники:** Вербален – дијалошки метод, метод на усно излагање, метод на демонстрација
**Наставни средства:** Компјутер, LCD проектор
**Следење и вреднување (методи, инструменти и индикатори):** Набљудување, чек - листа, објаснува

## ТЕК НА АКТИВНОСТИТЕ

**Воведна активност:** Сигурно користите смартфон кога сте надвор и компјутер кога сте дома. Кога вашиот смартфон или компјутер е приклучен на Интернет, за што го користите Интернетот? Разните начини на користењето Интернет, го овозможуваат т.н. Интернет сервиси, со кои ќе се запознаеме на овој час.
**Учечко – поучувачки активности:** Веќе рековме дека сите можности што ги нуди Интернет за разговори, размена на пораки, информации, плаќање и купување, симнување слики, звуци и слично се викаат Интернет сервиси. Преку разни Интернет сервиси можеме да користиме Интернет. На пример, Интернет има сервис кој се вика „електронско банкарство“. Една можност што ја нуди тој сервис е можноста да се платат сметки по Интернет од дома, наместо да се оди во банка. За корисници на Интернет од ваша возраст, интересни се овие сервиси:

- WWW (World Wide Web) е Интернет сервис кој е најмногу користен. Тој овозможува прелистување на веб – страни, користење социјални мрежи (Фејсбук или Твитер, користење на веб страни за размена на фотографии (Инстаграм), играње на online игри, прелистување на веб страната на вашето училиште и слично.
- Користење на разни машини за пребарување. Тоа се веб страни за пронаоѓање други веб страни на Интернет. Нив подетално ќе ги проучиме на некој од наредните часови.
- Сервис за електронска пошта - Со користење на е-пошта, можете да се допишувате со вашите пријатели и да си разменувате документи.
- Сервис за комуникација - Можете „во живо“ да разговарате со вашите пријатели, со користење текст, говор и/или слика од вашата веб камера. Најчесто користена програма за оваа намена за компјутери е Skype, а за смарфони се Viber или WhatsApp.
- Сервис за електронско банкарство и купување - Можете да купувате разни предмети по Интернет (како книги, ЦД или ДВД, облека итн.).
- Сервис за размена на датотеки - Симнување или „закачување“ на големи датотеки од/на сервери на Интернет.

Наставникот на LCD проектор ја демонстрира употребата на наведените Интернет сервиси.
АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ: Преку дискусија ги набројуваат Интернет сервисите и ја објаснуваат нивната намена.
**Активности за евалуација:** Се запишува план за разни видови Интернет сервиси.

obrazovanie.literatura.mk